# Извештај за оценка на соодветност на кандидат за член на Надзорен Одбор на ГД Гранит АД Скопје

Врз основа на критериумите пропишани со Законот за Трговски Друштва, Кодексот за корпоративно упавување од Македонската берза за хартии од вредност, како и интерните акти на ГД Гранит АД Скопје, Надзорниот Одбор ја цени содветноста на кандидатот за член на Надзорен Одбор на ГД Гранит АД Скопје, д-р. Александар Стојков.

Оценката се заснова на исполнувањето на повеќе критериуми, меѓу кои:

- Поединечна и колективна соодветност на кандидатот, земајќи ги предвид неговото знаење, вештини, и искуство, како и неговиот придонес во однос на разновидноста на матрицата на вештини на Надзорниот Одбор,
- Способноста на кандидатот за конструктивен придонес во работењето на Надзорниот Одбор
- Временската достапност и посветеност на кандидатот
- Други прашања, како што се потенцијален конфликт на интереси, репутација, одговорност, усогласеност, итн.

Низ призмата на горенаведените критериуми, Надзорниот Одбор цени како што следи:

Д-р. Александар Стојков, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на научната област економски науки, е висококвалификуван кандидат за член на Надзорниот Одбор на Друштвото, кој со своето богато искуство како професор на правниот факултет, но и како надворешен консултант на Министерството за финансии, Министерството за економија, Светската банка, Организацијата за безбедност и соработка во Европа (OSCE), Мрежата на асоцијации на единиците на локална самоуправа од Југоисточна Европа (NALAS), Европската комисија, Развојната програма на Обединетите нации (UNDP), Агенцијата на САД за меѓународен развој, поседува огромно и непроценливо искуство во управувањето со финансиските ризици, кредитниот ризик, и ризиците од неусогласеност.

Дополнително, неговата активност и како член на Одборот на директори на „Македонски Телеком" АД Скопје, Управниот Одбор на МАПАС, неизвршен надворешен член на Комисијата за хартии од вредност, член на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, надворешен член на Советот на Народната банка и член на Одборот на директори на Централниот депозитар за хартии од вредност, го прават соодветен кандидат за позицијата член на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје, кој ќе претставува додадена вредност на истиот.

Д-р. Александар Стојков е автор и коавтор на бројни научни трудови, книги и студии, главно од областа на меѓународната макроекономика, корпоративните, јавните и локалните финансии, па така има стручно и темелно познавање на корпоративното работење и финансиите. Во ноември 2024 година ја добил наградата за најдобар научник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од областа на општествените науки и е активен член на Американската асоцијација на економисти и Асоцијацијата за меѓународна трговија и финансии.

Дополнително, докторирал на Универзитетот Стафордшир во Велика Британија во 2009 година, а во рамките на стипендиската програма, се стекнал и со последипломски сертификат за примена на квантитативни економски методи. Во 2010-11 година остварил постдокторски истражувачки престој во Монтреал (Канада), па така има соодветно образование потребно за вршење на функцијата на независен член на Надзорниот Одбор на Друштвото. Неговите знаења, експертиза и вештини се во согласност со стратешките потреби на Друштвото и ќе обезбедат ефективен надзор над управувањето на Друштвото.

Врз основа на сето горенаведено, Надзорниот Одбор го оцени кандидатот, Д-р. Александар Стојков, за соодветен за именување за независен член на Надзорниот Одбор.

Професионалната биографија и изјавата од кандидатот за член на Надзорен Одбор, д-р. Александар Стојков, се составен дел на овој извештај.

Следствено, земајќи го во предвид сето погоре образложено, Надзорниот Одбор му предлага на Собранието на акционери да го избере д-р. Александар Стојков за член на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје.

Претседател на Надзорен Одбор
Ивана Милковска Симева

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје